# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА” ОД ДОЦЕНТ Д-Р ЖАНЕТА ПОПОСКА, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1102-155/42 од 138. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на ден 30.8.2016 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Јован Ананиев, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
– доц. д-р Ана Никодиновска, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис „**СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА**” од **доцент д-р Жанета Попоска**, наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Македонската и пошироката научна јавност од општествените науки, а посебно во областа на меѓународното јавно право, човековите права, теоријата на правото, граѓанското право, трудовото право, политичката теорија, како и други дисциплини, ја имаат можноста да се запознаат со учебното помагало со наслов „Скрипта по предметот Човекови права” од доцент д-р Жанета Попоска, доктор на правни науки. Учебното помагало ќе се користи за изучување на предметот Човекови права, кој се изучува во втор (II) семестар на Правниот факултет, со неделен фонд на часови 2+1+1.

Авторката со ова учебно помагало им ја дава можноста на академската и на стручната јавност, вклучувајќи ги овде наставно-научниот кадар, студентите, вработените во правосудството, како и вработените и активистите во здруженијата на граѓани, да го збогатат своето знаење од теоретски и практичен аспект во врска со материјата која е обработена. Авторката на научно базиран и систематичен начин се одлучила да обработува материја која во македонски и регионален контекст е недоволно научно третирана. Низ целиот текст е очигледно системското знаење на авторката во сферата на правната теорија и суверено владеење со знаења за меѓународната правна рамка, европската судска пракса и практиката на телата за еднаквост. Со овој труд се демонстрира симбиозно теоретско и практично третирање на оваа материја и оценка на Рецензентската комисија е дека приложениот ракопис е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

Дополнително, скриптата се фокусира на обезбедување на вештини и знаење за идните правни практичари за повеќе права и принципи, како што се: правото на образование, правото на работа, слободата на изразување, правото на еднаквост и принципот на недискриминација, забраната на мачење, нечовечко или понижувачко постапување или казнување, правата на жената и правата на лицата со попреченост. Притоа е ставен акцентот на теоријата и на праксата. Тоа се должи на една едноставна причина дека крајната цел на меѓународната заштита на правата на човекот е нивно спроведување на национално ниво, како и справување со повредата на односното право вклучително и во македонското општество, со тоа што на жртвите на повредата на правата на човекот им се овозможува да ја бараат правдата преку соодветни и ефикасни правни лекови. За да се постигне оваа цел, идните правници треба да располагаат со практични алатки и совети за примена на меѓународните стандарди и национално законодавство, кои оваа скрипта им ги нуди.

**Податоци за обемот ракописот:** Скриптата по предметот Човекови права е со вкупен број на 93 страници, без прилози, изработена во А4 формат. Претставува комплементарно дело, со оглед на фактот што голем дел од правните аспекти поврзани со човековите права се опфатени во неа, задоволувајќи ги критериумите според бројот на часови. Намерата на скриптата по предметот Човекови права е да претставува едноставна алатка која на студентите на Правниот факултет од насоките: Правни студии, Применета политика и дипломатија, Новинарство и Правосудна насока ќе им даде основни насоки во идентификувањето на суштинските елементи и карактеристики на човековите права во рамките на меѓународниот и националниот правен систем, како и на институционалната инфраструктура за нивна заштита. Оттаму, оваа скрипта претставува една практична рамка која нуди помош за почетниците во оваа област.

Приложениот текст целосно е изработен според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Јазикот на кој е пишувана скриптата е едноставен, не се користени фусноти, а намерата е да се даде објаснување на основните концепти за избран дел од правата на човекот за оние кои не се специјализирани во областа. Читателите се воведуваат преку анализа на суштинските елементи на секое од разработените права или корпус на права, и анализа на меѓународните и националните стандарди за нивно почитување, заштита и гарантирање од страна на државата. Скриптата изобилува со бројна јуриспруденција, посебно од Европскиот суд за човекови права и Судот на правдата на Европската унија, кои се исклучително од корист.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Рецензентската комисија заклучи дека на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип не е објавен ист или сличен учебник кој би ги задоволувал барањата на наставната материја. Неминовна е потребата да се објави скрипта, затоа што истата поради својот методолошки прецизен и теоретски втемелен начин на обработка на избор на определени човекови права од аспект на концепт, нивно третирање на меѓународен план и на национален план, е исклучително важна за идната наобразба на студентите на Правниот факултет.

**Краток опис на содржината:** Скриптата се состои од 8 наслови и бројни поднаслови кои ги разработуваат: 1) Системот за заштита на човековите права на меѓународно и регионално ниво; 2) Заштитата од мачење, нечовечко или понижувачко постапување или казнување; 3) Правото на еднаквост и концептот на антидискриминација; 4) Правата на жените во меѓународното право за правата на човекот; 5) Правата на лицата со попреченост во меѓународното право за правата на човекот; 6) Правото на образование; 7) Правото на работа; и 8) Слободата на изразување.

Во првиот наслов авторката го објаснува системот за заштита на човековите права на меѓународно и на регионално ниво. Детално се разработуваат историски развој на правата на човекот и основните концепти, универзалниот систем за заштита на правата на човекот претставен преку Организацијата на Обединетите нации, како и Европски регионален систем за заштита на правата на човекот претставен преку Советот на Европа, Европска Унија и Организација за безбедност и соработка во Европа. Зборувајќи за историскиот развој на човековите права се наведува дека: *Историјата на нивниот развој се протега од концептот на природно право кое се појави во античка Грција и Рим до концептот на човекови права кој се среќава денес. Од глинената таблица наречен кирковиот цилиндар од 539-538 година пр.н.е. во кој се забележуваат зачетоците на слободата од ропство и слободата на религија, преку концептот на природно право од 27 година пр.н.е., до Magna Carta Libertatum од 1215 година во која се определува дека никој не може да им ги одземе правата на луѓето, па дури ни кралот. Од аспект на човекови права важни документи се и Habeas Corpus Act од 1679 година, како и Францускатa декларација за правата на човекот и граѓанинот (анг. The Declaration of the rights of Man and of the Citizen) од 1789 година, која предвидуваше дека човековите права се природни, преминувајќи од античкиот концепт на природно право на концептот на природни права. Со формирањето на Организацијата на Обединетите нации во 1945 година и посебно со донесувањето на Универзалната декларација за човекови права - УДЧП (анг. Universal Declaration of Human Rights), во 1948 година, природните права преминаа во*

*современиот концепт на човекови права, кои се универзални, неотуѓиви, недделиви и меѓусебно зависни.*

Вториот наслов ја обработува заштитата од мачењето, нечовечното или понижувачко постапување или казнување како апсолутно загарантирано човеково право, преку анализа на опфатот и елементите на ова право, како и меѓународните стандарди за заштита од тортура на универзално и регионално ниво. Детална анализа се прави на повредите на ова право, притоа задржувајќи се посебно на мачењето; нечовечно постапување или казнување изразени преку физички напад, употреба на психолошки техники при испрашување, чување на притворено лице во нечовечни услови и душевно страдање; како и понижувачко постапување или казнување.

Во третиот наслов авторката на холистички начин ја обработува темата *антидискриминација*. Информации за препознавање на дискриминацијата, дискриминаторските основи, појавните форми на дискриминацијата, меѓународните стандарди за заштита од дискриминација, како и националната правна и институционална рамка за заштита од дискриминација се детално разработени. Авторката наведува дека: *„Еднаквоста и забраната на дискриминација можат да се гледаат како позитивната и негативната формулација на истиот принцип, а тоа е правото на еднаква заштита пред законот. Еднаквоста значи отсуство на дискриминација, а почитувањето на принципот на недискриминација доведува до еднаквост. Еднаквоста може да се анализира како формална (законски обезбедена) и како материјална (фактичка) еднаквост. Формалната или правната еднаквост подразбира еднаквост пред законот. Тоа значи дека сите закони важат за сите луѓе подеднакво. Принципот на формалната еднаквост, земајќи го предвид еднаквиот третман на лицата кои се во релативно идентична положба, не ги зема предвид лицата кои се во различна положба, односно потребата за различен третман на лица кои не се во еднаква положба. Материјалната или фактичката еднаквост се однесува на резултатот од постапувањето. Овој концепт ги зема предвид фактичките нееднаквости и бара нееднаквите ситуации да се третираат различно, за на крајот да се добие еднаков резултат“.*

Предмет на обработка на четвртиот наслов од приложениот текст се правата на жените. Посебно се обработува основот пол и род, потоа меѓународниот систем на заштита на правата на жените, како и националната правна и институционална рамка за заштита на правата на жените. На крај на четвртиот дел е дадена анализа на одделни области и постојни проблеми со остварување на правата на жените во Република Македонија, посебно во областа на вработување, образование и пристап до услуги кои ги обезбедуваат државните институции.

Петтиот наслов ги обработува правата на лицата со попреченост од аспект на човековите права. Имено, се обрнува посебно внимание на попреченоста низ историјата, односно различни теории за гледање на попреченоста и детално се обработува Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на Организацијата на Обединетите нации како националната правна и институционална рамка за заштита на правата на лицата со попреченост. Како и во четвртиот дел, и овде авторката врши анализа на одделни области и постојни проблеми со остварување на правата на лицата со попреченост во Република Македонија. Се наведува дека: *„Низ историјата постоеле различни теории за гледање на попреченоста, меѓутоа ниту една не ги отелотворува сите нејзини составни елементи. Овие теории прогресираат и се менуваат под налетот на различни влијанија низ годините. Почнувајќи од традиционалниот, преку медицинскиот, па сѐ до социјалниот модел со сите негови варијации, денес би можеле да кажеме дека доминантен е моделот кој ги обединува како попреченоста, така и социјалните аспекти на феноменот“*. Овој дел изобилува со случаи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права и Судот на правдата на Европската Унија.

Шестиот и седмиот наслов ги обработуваат правото на образование и правото на работа, соодветно. И во двата наслова се забележува идентичен пристап, што опфаќа во себе анализа на елементите на правото на образование и правото на работа, како и осврт на меѓународните и регионалните стандарди за заштита на правото на образование и правото на работа. На крај, е разработена национална правна и институционална рамка за заштита на правото на образование и правото на работа, соодветно.

Осмиот и последен наслов ја обработува слободата на изразување. Авторката се потрудила да прикаже што опфаќа во себе слободата на изразување и кои се најважните меѓународни стандарди за заштита на слободата на изразување. Дополнително се обработува и антиподот на слободата на изразување, говорот на омраза. Притоа авторката наведува дека: *„Говорот на омраза отвора непријатни и комплексни проблеми за современите општества оддадени на почитување и негување на културниот плурализам и толеранцијата. Регулирањето на говорот на омраза е во голема мера феномен на периодот по Втората светска војна. Поттикнати од очигледните врски помеѓу расистичката пропаганда и холокаустот, повеќе меѓународни договори, како и поединечни земји, го истакнаа говорот на омраза како неприфатлив и спротивен на уставно заштитените права. Говорот на омраза подразбира изразување на омраза кон определена група. Тој се користи за да се навреди едно лице преку расната, етничката, религиската или друга група на која тоа лице ѝ припаѓа. Таквиот говор генерално настојува да ја осуди или обесчовечи индивидуата или групата или да изрази гнев, омраза, насилство или презир кон нив. Иако не постои универзално прифатена дефиниција за говорот на омраза, ако би требале да го дефинираме би рекле дека: говорот на омраза е вид на изразување кое е дизајнирано да промовира омраза врз основа на раса, религија, етничка припадност, национално потекло, пол, сексуална ориентација, класа/социјално потекло, телесна или ментална попреченост“.* Национална правна и институционална рамка за заштита на слободата на изразување е обработена на крај од осмиот дел.

Детален опис на користената литература со вкупно 48 извори е наведен на крајот од скриптата, како и кратка биографија за авторката.

## ЗАКЛУЧОК

Трудот во форма на скрипта претставува солидно учебно помагало како литература по предметот Човекови права и дополнителна литература по неколку академски предмети и добар извор за проширување на знаењата на сите кои се вклучени во заштитата и унапредувањето на човековите права, како и на оние кои се залагаат за заштита од дискриминација. Рецензентската комисија смета дека ракописот има висока општа педагошка оценка за научните квалитети и ги задоволува критериумите за објавување.

Ракописот треба да се категоризира како учебно помагало.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Јован Ананиев, с.р.**
**Доц. д-р Ана Никодиновска, с.р.**